РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-368/20
13-10-2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-368 од 30.06.2022 година, поднесена од Сојузот на борците од народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941 – 1945 година и граѓаните продолжувачи – Општински одбор – Битола против Здружението Културен центар Иван Михајлов Битола, за извршена дискриминација по основ на национална и етничка припадност во областа на делување во здруженија, фондации или други организации засновани на членство кон членовите, семејствата, поддржувачите и почитувачите на Сојузот на борци од НОБ и антифашистичката војна 1941 – 1945, кон македонскиот народ и припадниците на сите етнички заедници во македонското општество во Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр.258/20) на 12.10.2022 година го донесе следново

# МИСЛЕЊЕ

**Се утврдува продолжено и повеќекратно вознемирување како потежок вид на дискриминација** врз основ на национална и етничка припадност, друго уверување и личен и општествен статус во областа на дејствување во здруженија, фондации или други организации засновани на членство, извршена од страна на Здружението Културен центар Иван Михајлов Битола кон членовите, семејствата, поддржувачите и почитувачите на Сојузот на борци од НОБ и антифашистичката војна 1941 – 1945, кон македонскиот народ и припадниците на сите етнички заедници во македонското општество.

**Се утврдува продолжено и повеќекратно повикување, поттикнување и инструкција за вознемирување како потежок вид дискриминација** врз основ на национална и етничка припадност, друго уверување и личен и општествен статус во областа медиумите и јавно информирање, извршена од страна на Здружението Културен центар Иван Михајлов Битола кон членовите, семејствата, поддржувачите и почитувачите на Сојузот на борци од НОБ и антифашистичката војна 1941 – 1945, кон припадниците на македонскиот народ и сите етнички заедници во македонското општество.

**Се утврдува индиректна дискриминација** извршена од страна на Министерството за правда, поради пропуштање на извршување на своите законски надлежности со кои **му овозможиле на Здружението Културен центар Иван Михајлов Битола да врши дејствија забранети со Член 5 и Член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** што **резултирало со горенаведените видови дискриминација.**

## Образложение

На 30.06.2022 година, во архивата на Комисијата примена е претставка поднесена од Сојузот на борците – ОО Битола од народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941 –

1945 година и граѓаните продолжувачи – Општински одбор – Битола против Здружението Културен центар Иван Михајлов Битола, за извршена дискриминација по основ на национална и етничка припадност во областа на делување во здруженија, фондации или други организации засновани на членство кон членовите, нивните семејства, поддржувачите и почитувачите на Сојузот на борци со македонско национално чувство и самосвест и кон припадниците на еврејската заедница во Република Северна Македонија.

Во претставката тие наведоа дека на 15.03.2019 година во Централниот регистар е регистрирано Здружението Културен центар Иван Михајлов Битола. На 16.04.2022 година, ова здружение го отвора Клубот Ванчо Михајлов – ВМРО Битола, на ул. „Рузвелтова" бр. 1. Поради ова, на 15.04.2022 година, Сојузот како организација која се грижи за негување на придобивките и за чување на традициите од Народноослободителната и Антифашистичка војна како и востанијата на македонскиот народ од подалечното минато изрази **Јавен протест,** во кој се наведува дека протестираат *„бидејќи преку регистрирањето на здружение со името на еден од најголемите експоненти на фашизмот и недвојбениот соработник на фашистичките главештини Хитлер, Мусолини, Анте Павелиќ и царот Борис Трети се врши промоција и рехабилитација на фашистичката идеологија, милитаризмот и антимакедонските политики од времето на Втората светска војна, се промовира историографски ревизионизам насочен кон негирање на Националноослободителната војна на македонскиот национален индивидуалитет и македонската национална држава и се врши навреда на македонското национално достоинство."* Меѓу другото, во Јавниот протест стои и дека: *„...именувањето на здружението со името на еден неприкриен фашистички експонент од времето пред, за време и по Втората светска војна... кој директно и индиректно, ја помагал и промовирал фашистичката, експанзионистичката, денационализаторската и асимилаторската политика кон Македонија и Македонците на фашистичка Бугарија раководена од царот Борис Трети и тогашниот премиер Богдан Филов,... се врши директен напад врз македонскиот антифашизам, врз борците за национална и социјална слобода на македонскиот народ и врз борбата за афирмација на македонскиот национален идентитет и создавање на македонската национална држава"*.

Во претставката тие потенцираат и дека Здружението *„отворило и свој Клуб во еврејската маала во Битола со што го навределе чувството на над 3500 сограѓани од еврејската заедница во Битола од кои над 3300 беа депортирани од бугарските окупаторски фашисти и егзекутирани во концентрациони логори"*. Сојузот реагира и дека во просториите на Клубот била поставена табла со цитат од Иван Михајлов во кој за македонската нација се зборува како за „маскирана" нација. Тие посочуваат и дека во членот 2 од Статутот на Културниот центар *„јасно се укажува дека Здружението ќе врши промоција на животот, идеологијата, рехабилитирањето и осветлувањето на ликот и делото на Иван Михајлов како еден од најзначајните ликови во историјата на Македонија"* што го сметаат за директен напад врв нивното право на самоопределување, чувство на достоинство за припадност на сопствената нација и етнос и упатуваат на спорноста на одобрението и регистрацијата на здружението, од правен аспект.

Согласно став 3 од Член 23 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20), Комисијата го утврди **оправданиот интерес** на ОО Сојуз на борци – Битола (скратен назив) за заштита на интересите на поголема група граѓани при увидот во Решението за регистрација и во нивниот Статут, каде како цели и задачи, меѓу другото се наведени и: грижа за зачувување и негување на борбените традиции и придобивките од Народноослободителната и

антифашистичка војна на Македонија 1941-1945 година и од Националноослободителната борба и востанија **на македонскиот народ и припадниците на етничките заедници кои заедно учествувале за иста цел во овие борбени активности во подалечното и поблиското минато**; заштита на статусните права на борците како основни носители на борбата за создавање на македонската држава; негување на патриотскиот дух и љубов кон татковината Република Македонија и остварување на нејзиниот просперитет; развивање на меѓусебни односи на соработка, заедништво и соживот, независно од полот, раса, националното и социјалното потекло, политичкото и верското убедување и старосната состојба; соработка со невладини организации и здруженија и др.

Согласно став 7 од член 24 од Законот, на 06.07.2022 година, Комисијата испрати Барање за произнесување по наводите содржани во претставката, бр. 08-368/3 до Здружението Културен центар Иван Михајлов Битола. На 21.07.2022 година, до архивата на Комисијата пристигна одговорот по барањето од страна на Здружението, заведен под бр. 03-368/4. Во образложението тие наведуваат дека Централниот регистар на РСМ им издал Решение за регистрација од 15.03.2019 година. Тие потенцираат дека основните цели заради кое се основаат, меѓу останатите се и следниве: заложба за воздигнување на достоинството и духовните вредности на граѓаните на Република Македонија и македонската држава; помагање и почитување на правата на етничките малцинства и спротивставување на какви било изрази на нетолеранција, шовинизам, сегрегација и стигматизација врз основа на полова, расна, етничка, јазична и верска основа; иницијативи за градење на пријателство и добрососедство со сите соседни држави како основа за нова балканска соработка; промоција на идеи и иницијативи за заштита на сите човекови права и демократски слободи; градење на политики за обезбедување на рамноправност на граѓаните за слободно изразување и застапување на идеолошки, политички, национални, верски и други ставови и др.

Според нив, *„видно регистрираната дејност и од целите заради кои се основа здружението, никаде не стои дека има за цел да повикува, поттикнува дискриминација на националното чувство на македонскиот народ"*, напоменувајќи дека со ниту едно дејствие не вознемирувале никого, ниту создавале непријателско и понижувачко однесување кон граѓаните, опишано во членовите 9 и 10 од ЗСЗД. Во продолжение тие истакнуваат: ***„Седиштето на Клубот е во мирен дел од Битола во изнајмен деловен простор на ул. Рузвелтова бр.1, за кој уредно се плаќа закупнина"***. Во продолжение, тие потенцираат дека наводите на поднесувачот на претставката со кои се повикуваат на Одлуката на Уставниот суд У бр.168/2000 со која било поништено Здружението „Радко" од Охрид, биле поништени од Судот во Стразбур, па упатуваат на обврската на државата за извршување на одлуките на ЕСЧП, а со тоа предлагаат претставката да биде отфрлена како беспредметна.

Со цел да ја утврди фактичката состојба, Комисијата на 28.07.2022 година изврши најавен увид во просториите на Министерството и оствари средба со министерот за правда во Владата на РСМ. На таа средба тој беше известен за претставката за заштита од дискриминација и беа отворени неколку прашања во врска со постапувањето на Министерството при издавањето на согласност за употребата на името на Иван Михајлов. На средбата беше договорено известителката за предметот да ги достави бараните прашања до министерот написмено, преку електронска пошта. Дописот до министерот е архивиран под бр. 08-368/5 од 28.07.2022 година, а во истиот поставени се следните прашања: зошто Министерството издало Известување бр. 11-423/2019 со кое ги известило барателите од Здружението дека не поседува регистар на историски личности со кој може да се утврди статусот на историската личност, наместо да издаде управен акт во согласност со член 49

став 2 од Законот за трговски друштва; дали при уписот на здружението биле испочитувани одредбите од член 42 став 4 од Законот за здруженија и фондации и дали досега Министерството извршило надзор на законитоста на примената на одредбите од Законот, согласно член 58; дали при уписот на здружението се почитувал членот 4 од ЗЗФ; дали Министерството знае како гласи членот 2 од Статутот на здружението; дали Министерството има сознанија дека фирмата на Клубот Иван Михајлов е напишана на бугарски јазик со бугарско кирилско писмо, што е спротивно на членот 50 од Законот за трговски друштва и која институција е надлежна за проверка на истото?

На 03.08.2022, во архивата на КСЗД примен е одговорот од министерот за правда, заведен под архивски број 03-368/12. Во истиот, дадени се следните одговори:

1. *Основачот на здружението побарал согласност од Министерството за употреба на името Иван Михајлов, но **поради фактот дека немаат регистар на историски личности или друг документ со кој може да се утврди статусот на историската личност, па МП не е во можност да издаде одобрение за употреба на името Иван Михаљов во името на клубот.***
2. *Во врска со Член 50 од ЗТД дека фирмите на организациите треба да бидат напишани на македонски јазик со кирилско писмо, **МП ве известува дека наведениот Закон е во надлежност на Министерството за економија.***
3. *Во однос на Член 58 од ЗЗФ, за прашањето на увид во работата на здружението, начинот на донесување на финансиски и други извештаи, законот утврдува дека примената на статутот и програмата, грижата за работењето....**ја следи органот за надзор...** тргнувајќи од начелото на независност во работењето на организациите и надзорот во рамките на организацијата, **надлежноста на Министерството за правда утврдена во членот 58 не се однесува на внатрешното работење на организациите.** Во однос на Член 42 став 4 од ЗЗФ, надлежен за запишување на здружението е Централниот регистар на РСМ.*
4. *Министерството за правда има издадено известување бр. 423/2019 од 05.03.2019 бидејќи не води регистар на историски личности, **односно не се дава согласност за користење на името Иван Михајлов.***

Врз основа на наводите содржани во претставката дека се повредени и чувства на над 3.500 сограѓани од еврејската заедница во Битола, на 03.08.2022 година, Комисијата за сретна со претставници на Еврејската заедница и Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија, во нивните простории. На средбата, тие лично во пишана форма ја доставија до КСЗД својата реакција што ја имаа објавено пред јавноста на 18.04.2022 година, во врска со отворањето на Клубот „Ванчо Михајлов" во Битола. Реакцијата е архивирана под бр.08-368/13. Во истата стои следното:

*„Еврејската заедница и Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија се згрозени и навредени од името на новиот културен дом во Битола, кој носи име на потврден фашист и близок соработник со нацистите.*

*„На 16.04.2022 година, Шабат и прв ден Песах, ден кога Евреите од целиот свет го слават празникот за ослободување од египетско ропство, највисоките бугарски претставници на власта... официјално го отворија бугарскиот културен центар 'Ванчо Михајлов' по името на докажан фашист, соработник на Павелиќ, Мусолини и Адолф Хитлер".*

*„Овој чин претставува навреда за Евреите и е закана за човековите права и слободи, кршење на демократскиот карактер и вредностите на модерна Европа. Чин со кој се загрозува мултикултурализмот. Класичен пример за непочитување и искривување на историјата."*

Во реакцијата тие го потенцираат фактот дека во Втората светска војна, фашистичкиот окупатор депортилал во Треблинка 7144 македонски Евреи или 98% од еврејската популација во тоа време и затоа сметаат дека минимизирањето на овие историски факти значи минимизирање на холокаустот и претставува искривување на историските факти од европската и светската историја. ***„Ние, наследниците на преживеаните од холокаустот нема да ги премолчуваме ваквите појави",*** стои во нивната реакција кон јавноста.

На 27.07.2022 година, Комисијата испрати електронски и поштенски допис до Здружението Културен центар Иван Михајлов Битола со кој ги извести дека согласно член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 04.08.2022 во 12 часот ќе изврши увид во просториите на нивниот клуб лоциран на улицата „Рузвелтова" бр. 1 во Битола. Комисијата констатираше дека на објектот стои тркалезна светлечка реклама на која на црна позадина во средината стои портрет на Иван Михајлов, околу кого со бели букви, пишува: Културен центар Иван Михаилов (со бугарска транскрипција) Битола. Во Клубот влеговме од споредниот влез во внатрешноста на просториите. На самиот влез стои голема табла на која, на бугарски јазик и бугарско кирилско писмо е наведен цитат од Иван Михајлов, со содржина: ***„Можеме да се гордееме, бидејќи знамињата на ВМРО и Илинден беа и остануваат човекови права и слободи. Значи, залудни се напорите на маскираната македонска „нација" да го лаже светот. Вистината ќе победи. Ваш Иван Михајлов".***

Освен оваа табла, Комисијата затекна и многу други содржини со слична содржина. На предниот горен ѕид, од лево кон десно, поставени се портрети од Гоце Делчев, Ванчо Михајлов, Тодор Александров и Даме Груев. Можат да се забележат и поголем број слики и книги со кои се глорифицира ликот и делото на Цар Борис Трети.

Истиот ден, со претходна електронска најава, Комисијата изврши и увид во просториите на Централниот регистар – регионална регистрациска канцеларија Битола. Комисијата побара копија од регистрациската влошка на Здружението Културен центар Иван Михајлов Битола. Следниот ден, на 05.08.2022 година, во просториите на КСЗД, беше повикана и Ана Трајчева – Овластен регистар на РСМ, која објасни дека при регистрирањето на здруженија и фондации кои во називот користат имиња на историски личности, вообичаена пракса е Министерството за правда на барателите да им издава Известувања, наместо согласности. И таа смета дека непостоењето на регистар на историски личности е реален проблем при регистрирањето на организации кои сакаат да користат вакви имиња во своите називи. За средбата е составен Записник заверен под бр. 08-368/14 од 12.08.2022 година.

При разгледувањето на регистрациската документација на Здружението Културен центар Иван Михајлов Битола, Комисијата утврди дека основачите поднеле барање за упис на 13.03.2019 година до Централниот регистар и ја доставиле потребната документација, согласно членовите 42 и 43 од Законот за здруженија и фондации (Сл.весник на РМ бр. 52/10,135/11 и 55/16,) - акт за основање; статут; програма за дејствување; одлука за избор на органите и податоци за членовите на органите; одлука за избор на застапник по закон со неговите податоци; записник од основачкото собрание или извештај за основањето и - изјава заверена кај нотар потпишана од застапникот со која се

потврдува дека вршењето на дејноста е во согласност со закон и дека се исполнети условите за упис. Регионалната канцеларија во Битола на 15.03.2019 им издала Решение за упис, каде, во рубриката „дополнителни информации“, делумно се нотирани основните цели и задачи на Здружението. Следствено, во овој дел недостасува првиот параграф од Членот 8 од Статутот насловен како „Цели и задачи на здружението“. Имено, параграфот 1 гласи: ***„Граѓаните се здружени во Здружението заради остварување на поширок заеднички интерес. Мисијата на здружението е промоција на животот, идеологијата, рехабилитирање и осветлување на ликот и делото на Иван Михајлов“.***

Комисијата потенцира дека целите наведени во Решението за регистрација, не содејствуваат со Членот 2 од Статутот на здружението кој гласи: ***„Граѓаните се здружуваат во Здружението заради промоција на животот, идеологијата, рехабилитирање и осветлување на ликот делото на Иван Михајлов, како еден од најзначајните ликови во историјата на Македонија“.***

Во Членот 10 од Статутот, стои дека здружението ќе ги остварува своите цели и задачи преку утврдена Програма за работа. Во Програмата во параграфот 1 стои следното: ***„Здружението Културен центар Иван Михајлов Битола е здружение во кое на доброволна основа членуваат граѓани од Република Македонија, заради остварување на поширок заеднички интерес, промоција на животот, идеологијата, рехабилитирање и осветлување на ликот и делото на Иван Михајлов“.***

Дополнително, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација изврши и увид на корисничкиот профил на социјалната мрежа „Фејсбук“ односно страницата „Културен центар Иван Михајлов Битола“ (напишано со бугарско кирилско писмо)[1] Како фотографија на ѕидот (cover-от)[2] стои фотографија во чија средина се наоѓа помала слика од Иван Михајлов, над која стои следниот текст:

***„Ако препознавате кој е на сликата, изјасни се како БУГАРИН!“***

Под фотографијата стои текст со следна содржина:

***„ПОПИС МАКЕДОНИЈА***

***Сонародници, браќа и сестри Македонци, како што знаете, се приближува пописот во нашата земја. Ни претстои тежок тест за нашата држава. За многумина, прашање е дали овој попис воопшто ќе се спроведе демократски и дали нашата слобода на изразување навистина е загарантирана. Но денес Културниот центар 'Иван Михајлов' одлучи да ги повика сите Македонски Бугари – 120.000 бугарски државјани и сите македонски патриоти, да учествуваат во пописот, прогласувајќи ја нивната вистинска бугарска етничка припадност. Ние не сме малцинство! Ние сме вистинскиот државотворен народ во оваа земја. Нашиот македонски патриотизам и наша должност кон нашите пределбеници, кон Илинденците и кон ВМРО денес ни наредуваат да се ослободиме од стравот и од србоманските лаги на режимските политичари и да се запишеме како „Бугари“ за време на пописот. Ова ќе ни ги гарантира правата и патот кон европската иднина на нашата татковина. Бидете горди синови и ќерки на нашите предци – пријавете се како Македонски Бугари!“***

---

[1] https://www.facebook.com/profile.php?id=100064038543612
[2] https://www.facebook.com/photo/?fbid=452058546938760&set=a.452058530272095

Страницата ја следат 6.400 членови, а сите објави се на бугарски јазик, кои содржат фотографии и текстови со кои се промовира животот, делото, ликот на Иван Михајлов како и неговите ставови со кои се негира постоењето на етничките македонци што се поклопува со наводите од подносителот на претставката.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 15.08.2022 година, преку електронска пошта се обрати до Институтот за национална историја и согласно одредбата од членот 30 од ЗСЗД, побара да достават до Комисијата стручно мислење за ликот, делото и идеологијата на Иван Ванчо Михајлов, како историска личност. Дописот е архивиран под бр. 08-368/17.

На 31.08.2022 година, Институтот испрати до Комисијата Стручно мислење, потпишано од директорот, Акад. Драги Ѓоргиев, архивирано под бр. 08-368/19, во кое, освен биографски податоци и историски настани во кои учествувал Михајлов, стои:

*„...Периодот помеѓу двете светски војни, како и во текот на Втората светска војна, изобилува со интензивни контакти на Иван Михајлов со силите на Оската. Имено, во периодот помеѓу 1925 и 1941 година, Михајлов одржувал врски со претставници на фашистичката власт во Италија, а во текот на Втората светска војна живеел во Загреб, а дејствувал и како личен советник на хрватскиот поглавник Анте Павелиќ, лидер на марионетската НДХ...*

Дополнително, во стручното мислење стои дека *„треба да се нагласи дека Иван Михајлов е автор на бројни монографии, брошури и статии во кои во континуитет го негира постоењето на македонскиот народ и посебноста на македонскиот јазик. Зад паролата за создавање автономна, а потоа независна македонска држава, Иван Михајлов постојано тврдел дека таа би требала да биде уредена по примерот на Швајцарската конфедерација во која доминантна улога би имало 'бугарското население'. Поради тие негови ставови, како и поради издавањето на наредби за ликвидација на бројни македонски интелектуалци и членови на македонското револуционерно движење, во македонската историографија и во колективната меморија на македонскиот народ тој е присутен како негативна личност. Во балканската и европската историографија, со исклучок на бугарската,* ***Иван Михајлов во континуитет е присутен како суров и бескруполозен нарачател на убиства, терорист и соработник на фашистичка Италија и нацистичка Германија****."*

Во стручното мислење, стои и став на Институтот за национална историја кој гласи ***„имајќи го предвид горенаведеното, сметаме дека именувањето на било каков центар, клуб или здружение на граѓани со името на Иван Михајлов претставува провокација без преседан и навреда за македонскиот народ, поради тоа што пропагирајќи го неговиот лик и дело, всушност се пропагираат и неговите наредби за физички ликвидации, соработката со фашистичката и нацистичката идеологија, како и неговото седумдецениско негирање на посебноста на македонскиот народ."***

Согласно горенаведените документи и сознанија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при одлучувањето по оваа претставка за заштита од дискриминација, поаѓа од неколку позиции.

**Прво**, согласно Член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *„се забранува секоја дискриминација врз која било дискриминаторска основа"*. Целта на овој закон е обезбедување на принципот на еднаквост и спречување и заштита од дискриминација во остварување на човековите права и слободи. Во ставот 1 од членот 10 од Законот, вознемирувањето се третира како посебен вид дискриминација и *„претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."* Законот во членот 9 исто така го препознава *„повикувањето, поттикнувањето и инструкцијата за дискриминација како активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа"* како посебен вид дискриминаторско однесување. Дополнително, во Член 8, став 2, во законот за предвидува и индиректна дискриминација која се дефинира како постоење на неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики со кои се става некое лице или група во неповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица.

**Второ**, Уставот на Република Северна Македонија (Член 20) како и Европската конвенција за човекови права (Член 11) го гарантираат правото и слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. Граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат. Програмите и дејствувањето на здруженијата на граѓаните и политичките партии не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката и кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост.

**Трето**, Универзалната декларација за човековите права и многу други меѓународни инструменти што ги гарантираат човековите права и слободи се засноваат на признавањето на вроденото достоинство, и на еднаквите и неотуѓиви права на сите членови на човештвото како темели на слободата, правдата и мирот во светот. Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права. Тие се обдарени со разум и совест и треба да се однесуваат еден кон друг во духот на општо човечката припадност. Сите права и слободи наведени во оваа Декларација им припаѓаат на сите луѓе, без оглед на нивните разлики, како што се: раса, боја, пол, јазик, религија, политичко или друго убедување, национално или општествено потекло, сопственост, раѓање, или друг статус.

**Четврто**, Членот 17 од Европската конвенција за човекови права ја потенцира забраната на злоупотреба на правата: *„ Ниту една одредба од Конвенцијата не може да се толкува на начин според кој, на некоја држава, група или поединец им е дадено право да преземаат активности или постапки со кои се загрозува некое право или слобода што се признати со оваа Конвенција, или да ги ограничуваат овие права и слободи во мерка поголема од онаа предвидена со Конвенцијата."* Членот 17 од ЕКЧП забранува повикување на правата од Конвенцијата, вклучително и на членот 10 (слобода а изразување), членот 11 (слобода на собирање и здружување) и членот 14 (забрана за дискриминација) со цел сторување, промовирање или оправдување на делување кое се карактеризира со, inter alia, со ***омраза,*** (како на пример, случаите Perincek Vs. Switzerland, пара.115 и 230; Belkacem Vs. Belgium (одлука); Lilliendahl vs. Island, пара.39); ***ксенофобија и расна омраза*** (на пример, Ayoub and Others Vs. France, пара. 134); ***негирање и ревизија на јасно востановени историски факти,*** како на пример, холокаустот (случајот Garaudy

Vs. France); ***анти-семитизам*** ( случајот Pavel Ivanov Vs. Russia, W.P. and Others Vs. Poland) ; ***тоталитарна идеологија и политички идеи кои не се компатибилни со демократијата*** (Vona Vs. Hungary, пара.36). Членот 17 се операционализира преку барањата за заштита на права на конвенцијата поднесени до Европскиот суд за човекови права, но тој е и декларација на забраната за злоупотреба на човековите права и слободи која постои генерално во меѓународното право за човекови права и произведува обврска за државите да спречат ваква злоупотреба на домашно ниво. Забрана на злоупотребата на човековите права е утврдена и во членот 30 од Универзалната декларација за човекови права, каде се потенцира дека ниту една одредба од декларацијата не може да се толкува како да ѝ дава право на некоја држава, групација или поединец да дејствуваат или да сторат акт со цел рушење на правата или слободите предвидени со истата. И во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права како и Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права содржат речиси идентичен текст во членовите 5 каде се потенцира дека ниту една одредба не може да биде толкувана како на некоја држава, група или поединец да им дава какво било право да се впуштаат во каква и да е дејност или да вршат каков било чин со цел нарушување на правата и слободите признати со тие инструменти.

**Петто**, Законот за здруженија и фондации (Сл.весник на РМ бр.52/10,135/11,55/16) во став 2 од членот 4, забранува основање на организација ако програмата и нејзиното дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост презема активности поврзани со тероризам, презема активности кои се спротивни на Уставот или закон и се повредуваат слободите и правата на други лица.

**Шесто**, Резолуцијата на ОН бр.69/160 од 18.12.2014 за борба против глорификацијата на нацизмот, нео-нацизмот и други практики кои придонесуваат за поттикнување на современи форми на расизам, расна дискриминација, ксенофобија и слични форми на нетолеранција[3] во параграфот 6 *го нагласува предлогот на Специјалниот известувач дека секоја комеморативна прослава на нацистичкиот режим, неговите сојузници или сродни организации, без разлика дали се официјални или не, треба да бидат забранети од страна на државите;* параграфот 10 пак потенцира *дека без резерва го осудува секое негирање или обид за негирање на Холокаустот;* параграфот 24 *ја нагласува препораката на Специјалниот известувач за важноста да се држат историски предавања за драматичните настани и човековото страдање кои произлегле од усвојувањето на идеологии како нацизмот и фашизмот.*

**Седмо**, Здружението Културен центар Иван Михајлов со право укажува дека Одлуката на Уставниот суд, цитирана од Сојузот на борци ОО Битола, во врска со основањето на Здружението „Радко" од Охрид беше поништена од Судот во Стразбур. Но, Комисијата укажува дека овие два случаи ***не се аналогни ситуации,*** и се разликуваат во неколку клучни фактички и контекстуални аспекти. За разлика од случајот „Радко", каде што идеологијата на Иван Михајлов не е пресликана во основачките документи на здружението, Статутот и Програмата на Културниот центар Иван Михајлов ја имаат за цел токму оваа идеологија. : ***„Граѓаните се здружуваат во Здружението заради промоција на животот, идеологијата, рехабилитирање и осветлување на ликот делото на Иван Михајлов, како еден од најзначајните ликови во историјата на Македонија".*** (Член 2 и прв параграф од член 8 од Статутот и параграф 1 од Програмата). Рехабилитирање на личности поврзани со фашизмот е проблематично за ЕСЧП, а инсистирање на слобода на

[3] https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N14/706/23/PDF/N1470623.pdf?OpenElement

здружување со цел ***историски ревизионизам*** на утврдени историски факти може да влезе во опфат на членот 17 од ЕКЧП.

Анализирајќи ги сите горенаведени наводи, во конкретниот предметен случај, со изборот во називот на здружение да стои името на Иван Михајлов – историски докажан соработник и промотор на фашистичката и нацистичката идеологија и негатор на постоењето на македонската нација и јазик како посебен национален ентитет, оспорувач на македонската национална и антифашистичка историја, според стручното мислење од Националниот институт за историја, се разоткрива и вистинската намера за ваквото здружување, која е и нотирана во актите на Здружението: во членот 2 од нивниот Статут, јасно стои членовите се здружуваат заради промоција на животот, идеологијата, рехабилитирање и осветлување на ликот и делото на Иван Михајлов. Во истиот документ, во членот 8, повторно се наведува дека членовите се здружуваат заради остварување на поширок заеднички интерес а како зацртана мисија ја потенцираат промоцијата на ликот, делото и идеологијата на Иван Михајлов. Дополнително, и во параграфот 1 од нивната Програма за работа, ги нотираат истите цели на здружението. Отворањето на Клубот Ванчо Михајлов ВМРО во центарот на градот и промоцијата на таблата на која се нотира главната порака на Иван Михајлов дека македонската нација не постои, односно е „замаскирана“ и дека „Вистината ќе победи“, дополнително го потврдуваат фактот дека се работи за случај на вознемирување, како посебен вид дискриминација, врз основ на национална и етничка припадност, друго уверување и личен и општествен статус – што реферира дека е извршено кон членови, наследници, почитувачи и продолжувачи на Сојузот на борците од НОБ и антифашистичката борба 1941-1945 од Битола, кон македонскиот народ и кон сите етнички заедници во македонското општество. Со оглед дека вознемирувањето трае подолг временски период и се заснова на повеќе дискриминаторски основи, КСЗД го квалификуваше како продолжено и повеќекратно вознемирување, што претставува потежок вид дискриминација.

Комисијата потенцира дека при утврдувањето на вознемирување, како посебен вид дискриминација, клучна е перцепцијата на жртвата. Во случајов – и Еврејската заедница и Фондот на Холокаустот укажуваат дека отворањето на Клубот со името на Иван Михајлов има вознемирувачки ефект и врз нив, со оглед на поврзаноста со нацистичката и фашистичката идеологија што ја промовирал и застапувал цел живот, а од тој аспект и се поврзува со Холокаустот, па затоа и овој факт Комисијата го смета за факт од сериозна природа. Отворањето на Клубот во еврејското маало во Битола, е чин на вознемирување врз база на национална или етничка основа и кон Евреите, а фактот дека Клубот егзистира на таа адреса веќе неколку месеци прави јасно дека вознемирувањето кон нив е непрекинато, во подолг временски период заради што Комисијата утврди и продолжено вознемирување. Дополнително, врз основа на фактот што во народноослободителната и антифашистичката борба во 1941-1945, учествувале припадници на сите етнички заедници во македонското општество во тоа време, Комисијата утврдува дека жртви на вознемирувањето се и припадниците на сите етнички заедници кои живеат во мултиетничкото и мултикултурното македонско општество.

Дополнително, Комисијата ја разгледа и страницата на Здружението на социјалната мрежа „Фејсбук“ и нотираше дека истата промовира и споделува содржини на начин кои членот 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ги препознава и класифицира како „повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација“. Имено, на корисничкиот профил се креирани бројни содржини во насока на промоција и рехабилитација на ликот и делото на Иван

Михајлов односно интервјуа, разговори и писанија за животот, делото и ставовите на Иван Михајлов за Македонија.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по утврдувањето на извршеното вознемирување и повикување, поттикнување и инструкции за дискриминација, извршено од страна на Здружението Културен центар Иван Михајлов Битола кон членовите, семејствата, поддржувачите и почитувачите на Сојузот на борци од НОБ и антифашистичката војна 1941 – 1945 кон македонскиот народ и кон сите етнички заедници во македонското општество, сака да ги лоцира и субјектите, начините и условите кои му овозможиле на Здружението Културен центар Иван Михајлов Битола да врши дејствија забранети со член 5 и член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација како и на член 17 од ЕКЧП кои се сметаат за злоупотреба на слободата на изразување (член 10) и слободата на здружување (член 11), загарантирани со Европската конвенција за човекови права, член 5 од Меѓународниот пакт за човекови права, член 5 од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права како и членот 30 од Универзалната декларација за човекови права како дел од домашниот правен поредок според член 118 од Уставот на Република Северна Македонија, што резултирало со горенаведените видови дискриминација.

Комисијата утврди дека ваквата злоупотреба на правата на слобода на изразување (член 10) и слободата на здружување (член 11) според членот 17 од Европската конвенција за човекови права, извршена од страна на Здружението, која резултирала со дискриминаторски дејствија што се опишани погоре, не би била возможна без **арбитрарниот однос** на државните институции, што не е во согласност со обврските пропишани во законската рамка што остава можност за практикување на права со недефинирани правни постапки, пред се` од страна на Министерството за правда.

Во овој поглед, Комисијата укажува на следниве факти:

**Прво**, Министерството за правда според Законот за здруженија и фондации, е надлежен државен орган за надзор над законитоста на примената а одредбите од овој закон (член 58). Преку членот 4 од Законот, се остварува правото на слобода на здружување, но и се дефинираат законските ограничувања, што се сметаат за неопходни во едно демократско општество:

*„ (1) Правото на слободно здружување се остварува преку здружување во здруженија, фондации, сојузи и организациони облици на странски организации (во натамошниот текст: организации) за остварување на нивните цели, дејности и заштита на права, интереси и уверувања во согласност со Уставот и закон.*

*(2) Се забранува основање на организација ако програмата и нејзиното дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост презема активности поврзани со тероризам, презема активности кои се спротивни на Уставот или закон и се повредуваат слободите и правата на други лица“.*

Или попрецизно, Министерството за правда е органот што е надлежен да процени можна злоупотреба на правото на здружување, како што е овој случај и навремено треба да реагира. Имено, согласно Законот за трговски друштва, ставот (2) од членот 49 предвидува дека организацијата може да внесе име и презиме на историска и друга позната личност само со согласност на личноста, или, ако е почината, со согласност на нејзините сродници до трет степен во

права линија, а доколку такви не постојат, **согласност дава Министерството за правда**. Или попрецизно, оваа одредба го обврзува Министерството да издаде управен акт што ќе произведува правно дејство – можност да се регистира или не здружение кое ќе носи име на историска личност. Законот за општа управна постапка, член 4 алинеја 10, известувањето не го третира како управен акт туку како службено обраќање на јавниот орган кон странка или кон друго лице кое учествува во управната постапка.

Во овој случај, наместо да издаде согласност или несогласување за употреба на името Иван Михајлов во називот на Здружението, Министерството издало Известување дека поради фактот дека не поседуваат регистар на историски личности или каков било друг документ со кој може да се утврди статусот на личноста на Иван Михајлов, изјавиле дека не се во можност да издадат одобрение за употреба на неговото име во името на здружението. На овој начин, Министерството посредно **ја овозможило регистрацијата а Централниот регистар ја реализирале регистрацијата** на Здружението Културен центар Иван Михајлов Битола, кој потоа, го злоупотребил своето право на здружување за промоција на ликот, делото и идеологијата на Иван Михајлов. Следствено, со пропуштање на извршување на своите законски надлежности, Министерство ја овозможило злоупотребата на правото на здружување извршено од страна на Здружението, кое подоцна резултирало со **продолжено и повеќекратно вознемирување како потежок вид дискриминација** врз основ на национална и етничка припадност, друго уверување и личен и општествен статус во областа на дејствување во здруженија, фондации или други организации засновани на членство, кон членовите, семејствата, поддржувачите и почитувачите на Сојузот на борци од НОБ и антифашистичката војна 1941 – 1945 кон сите етнички заедници во македонското општество, како и со **продолжено повикување, поттикнување и инструкција за вознемирување како потежок вид дискриминација** врз основ на национална и етничка припадност, друго уверување и личен и општествен статус во областа на медиумите и јавното информирање.

Во отсуство на издадено Решение за согласност или за несогласување за употреба на името Иван Михајлов во називот на здружението од страна на Министерството за правда, Централниот регистар го зел предвид Известувањето дека Министерството не може да издаде согласност од причина што не се води регистар на историски личности и не постои друг документ со кој може да се утврди статусот на историската личност. Затоа, Централниот регистар без Решение за согласност за употреба на име на историска личност, сметал дека не може да го спречи загарантираното уставно право на граѓаните за слобода на здружување заради остварување на нивните права и уверувања, како темелна вредност определена во член 20 и член 48 од Уставот на РСМ, па издал Решение за упис на субјектот во регистарот на здруженија и фондации. Притоа, овластеното лице од Регистраторот сметало дека во запишаните цели и програма на делување нема елементи кои се насочени кон насилно уривање на уставниот поредок, поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост или други активности кои се спротивни на Уставот или законот, ниту дека се повредуваат правата и слободите на други лица, **иако** во приложената копија од Статутот и од Програмата за делување било нотирано дека здружението ќе работи на промоција и рехабилитација на ликот, делото и идеологијата на Иван Михајлов, со што создаде услови и ја **овозможиле злоупотребата на правото на здружување** извршено од страна на Здружението.

Притоа, мора да се нагласи и историскиот факт дека Република Северна Македонија, изгуби многу свои сограѓани и сограѓанки во текот на Втората светска војна како резултат на злосторствата

направени од страна на фашистичкиот окупатор, па од тој аспект може да се смета дека државата има морална обврска да обезбеди јавен простор кој ќе биде ослободен од симболика, практики и зборови и личности кои ќе симболизираат оживување на оваа идеологија.

ЕСЧП веќе има пресудено на сличен начин за случаи во Австрија, Белгија, Германија, Франција и други земји и многупати бил јасен дека конкретното државно искуство ќе биде сериозен фактор во проценувањето на постоењето на **„итна општествена потреба“** (Rekvenyi, пара. 41 и 47; Refah Partisi (the Welfare Party) and Others, пара. 124-25; Jahn and Others, пара. 116; Leyla Sahin, пара. 115, Zhdanoka, пара. 119-21; Faber, пара. 66). Несомнено, искуството на Македонија со Втората светска војна и конкретно, искуството на Битола со Холокаустот, може да го активира постоењето на ваква итна општествена потреба.

Дополнително, во Перинчек против Швајцарија, Судот пресуди дека на активностите на **одрекување на злосторствата** (во конкректниот случај се работи за холокаустот) кои се прикажуваат како да се непристрасно историско истражување, во секој случај мора на нив да се гледа како активности кои се вгнездени во антидемократска идеологија, а во случајот – како на антисемитизам. Оттука, негирањето на холокаустот се смета дека е „двојно опасно, особено за државите кои ги искусиле хорорите на нацизмот и кои може да се смета дека имаат посебна морална одговорност да се дистанцираат од масовните злосторства направени од нацистите (Perincek v. Switzerland, пара. 243, подоцна потврдено и во Nix v. Germany, para.47). Затоа, државата може да се повика и на морална обврска да делува во насока да се спречи рехабилитација на лик поврзан со фашистичката власт и отворање на клуб во еврејско маало.

Комисијата констатираше дека во просториите на Клубот постои табла со изјава од Иван Михајлов, локацијата на клубот е во еврејското маало, а јавните објави на социјалните медиуми се знаци кои укажуваат на активности што може да се подведат под злоупотреба на права, што е забрането со членот 17 од Конвенцијата. Поточно, овој член забранува повикување на правата од Конвенцијата, вклучително и на правата гарантирани со членовите 10, 11 и 14, со цел сторување, промовирање или оправдување на делување кое се карактеризира со:

- **Омраза** ( Perincek v. Switzerland, пара.115 и 230; Belkacem v. Belgium (одлука); Lilliendahl v. Iceland, пара.39);
- **Ксенофобија и расна дискриминација** ( Ayoub and Others, v. France, пара.134);
- Негирање и ревизија на јасно востановени историски факти, како на пример холокаустот (Garaudy v. France);
- **Анти-семитизам** (Pavel Ivanov v. Russia, W.P. and Others v. Poland);
- **Тероризам и вени злосторства** (Orban and Others v. France, пара.35)
- Насилство (Hizb ut-Tahrir and Others v. Germany, пара.73);
- **Омраза кон жртвите од холокаустот**, воени жртви или жртви од тоталитарни режими (Faber v. Hunngary, пара.58)

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, земајќи го предвид горенаведеното, резимира дека во овој случај, во основачките документи на Здружението јасно е наведено дека целта на здружувањето е „промоција на животот, идеологијата, рехабилитирање и осветлување на ликот и делото на Иван Михајлов“. Дополнително, активностите на здружението, таблата со изјавата на Михајлов, објавите на социјалните мрежи, изборот на локацијата на Клубот во еврејското маало во Битола, покажуваат во која насока Клубот планира да ги реализира своите

дејности и активности, а тие цели се спротивни на членот 17 од ЕКЧП по неколку основи. Едната е пропагирање на омраза, насочена кон сите етнички заедници во македонското општество, втората е негирање и ревизија на јасно востановени историски факти, како и промоција на тоталитарна идеологија и политичка ревизија кои се некомпатибилни со демократијата.

Согласно член 27 став 2 од ЗСЗД, Комисијата по утврдената дискриминација како што е наведено во диспозитивот, а со цел да се отстранат повредите на правата, ги донесе следниве

**П Р Е П О Р А К И**

**Се препорачува** Здружението Културен центар Иван Михајлов Битола да ги отстрани сите спорни елементи во името, статутот и програмата кои предизвикуваат вознемирување согласно образложението на ова Мислење **во рок од 45 дена од приемот на ова мислење и за тоа писмено да ја извести Комисијата.**

**Се препорачува** Здружението да ги отстрани сите спорни содржини на својата страница на социјалната мрежа „Фејсбук" кои предизвикуваат вознемирување и давање на инструкции за вознемирување согласно образложението на ова Мислење **во најкраток можен рок, но не подолг од 30 дена од приемот на ова Мислење и за тоа писмено да ја известат Комисијата**. Дополнително, Комисијата **му препорачува** на здружението во иднина да се воздржи од креирање и ширење на содржини кои можат да предизвикаат вознемирувачко чувство согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

**Се препорачува** Министерството за правда да изврши надзор на законитоста на примената на одредбите од Законот за здруженија и фондации согласно член 58 од Законот за здруженија и фондации, особено во делот на актите на Здружението во врска со членот 4 од истиот, притоа земајќи го во предвид Член 20 од Уставот на Република Северна Македонија **во рок од 45 дена од приемот на ова Мислење и за тоа писмено да ја известат Комисијата.**

Согласно член 21 став 1 точка 17 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретни случаи на дискриминација.

Подготвил

Известителка – член на КСЗД

Весна Бендевска

Доставено до:

- Сојуз на борците од НОБ , Општински одбор Битола, ул. „Маршал Тито“ бр.89, 7000 Битола
- Здружение Културен центар Иван Михајлов Битола, ул. „Довлеџик“ бр.132 , 7000 Битола
- Министерство за правда, министер д-р Никола Тупанчевски, ул. „Димитрие Чуповски“ бр.9,
- 1000 Скопје
- Архива на КСЗД

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател

Исмаил Камбери